РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1582/4
26-07-2024.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 8-та седница одржана на ден 24.07.2024 година ја донесе следната

# ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-1582/1 од 10.05.2024 година, оформен по пријава поднесена против ------------------------ претседател на Основен Суд -----------, поради сомневања за прекршување на одредбите од Изборниот Законик и Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси при изборен период, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување, поради тоа што не се потврдуват наводите од пријавата.

Предметот со број 12-1582/1 од 10.05.2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Државната комисија за спречување на корупцијата оформи предмет по пријава доставена од страна на анонимни подносители, против ----------------------------- претседател на Основен суд -----------------. Во пријавата се изнесени сомневање дека горенаведената, ги прекршила одредбите од Изборниот Законик и Законот за спречување на корупција и судир на интереси, на начин што истата по распишување на претседателските и парламентарните избори 2024 година, ангажирал тројца вработени со договор на дело за следните работни места и тоа: ---------------------- на работното место доставувач, ---------------------- на работно место референт и -------------------------------- на работно место возач-шофер согласно Законот за трансформација во редовен работен однос.

Подносителот во прилог на пријавата доставил и print screen копија од „Отворени финансии“ од каде е видно дека, Основен суд -------------- на 30.04.2024 година им исплатил месечна плата во износ од 22.567 денари на вработените ----------------- и -------------------------.
Подносителот преку пријавата побара ДКСК по сопствена иницијатива да покренува постапка за утврдување на одговорност пред Судскиот Совет на РСМ, како и да поднесе кривична пријава до Основното Јавно Обвинителство ---------------- против претседателот на Основниот суд --------------- поради вршење на кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 од Кривичниот Законик или за кривично дело „Несовесно работење во службата“ од член 353-в од КЗ.
Во насока на утврдување на фактичката состојба по предметот, Државната комисија се обрати до Основниот Суд -----------------, со барање за доставување на информации во врска со наводите од пријавата.
На ден 12.06.2024 година, ДКСК прими Одговор со доставување на податоци од Основниот Суд -------------, во кој се наведува дека не се точни наводите кои се однесуваат на ангажирање на тројца вработени во Основен Суд ---------------, по распишување на претседателските и парламентарните избори 2024. Основниот Суд -------------, во прилог на одговорот ја доставил и побараната целокупна докуметација и тоа: Договор за дело со бр.--------/--- од 13.02.2024 година, Договор за дело со бр.--------/--- од 01.02.2024 година, Договор за дело со бр.-------/--- од 13.02.2024 година, Извод на промет и состојба на сметка со број 19, 27, 35, и 43, Годишниот план за вработување за 2024 година и Правилникот за систематизација на работните места.
Во Одговорот се наведува дека во согласност со член 8 став 1 и 2 од Законот за трансформација во редовен работен однос („Службен Весник на РМ“ бр.20) и врз основа на Годишен план за вработување за 2024 година со издадено позитивно мислење мислење од Министерството за финансии, Основниот Суд -------- ги ангажирал со договор на дело лицата кои се наведени во пријавата.
Имајќи го во предвид горенаведеното, ДКСК утврди дека не се прекршени одредбите кои се однесуваат на забраните при изборен период предвидени со Изборниот Законик и Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од страна на претседателот на Основниот Суд во ---------, по што оцени дека нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај, поради тоа што не се потврдуваат наводите од пријавата.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

Изготвил: Ф.Ј.,советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: И.П., раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц., член на ДКСК